Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6287 | 1 | |

15:37

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, емитуван на 2 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76 став 4 од Изборниот законик („Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца и во реноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, емитуван на 2 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 2 декември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, емитува платено политичко рекламирање во посебни информативни програми. Платеното политичко рекламирање е емитувано во дебатната емисија „Отворено студио", емитувана на 2 декември 2016 година.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, програма, период на емитување на рекламирањето и нарачател) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6204/1 од 05.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот".

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 76 став 4 од Изборниот законик.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________